Одлука бр. 31

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија по пат на електронско гласање на ден 20.12.2021 година, донесе

# ОДЛУКА

## За менување и дополна на Правилата и Прописите за Натпреварување

### Член 1

Во точка 2, Задолжителни услови на Натпреварите, подточката 2.3 се менува реченицата каде треба да стои „ најмалку 4 пара„

### Член 2

Во точка 3, Право на Настапување, во подточката 3.1 се додава реченицата „ Право на настап на Државните Првенства имаат само државјаните на Република Северна Македонија и оние натпреварувачи кои имаат двојно државјанство, но со регистрираниот ИПИН број настапуваат под Република Северна Македонија

### Член 3

Во точка 11 , Тениска Лига на Македонија за мажи и жени, се менува и дополнува подточката 11.8 со следниве зборови „ - Лигата ќе се одржи со најмалку 3 пријавени екипи,

- секоја екипа во лигата ќе игра со сите други екипи од лигата. Како Што следи:
- пријавени 3 до 5 екипи, сите играат во една група секој со секого
- пријавени 6 екипи- се две групи составени од по 3 екипи, најдобрите пласирани играат за 1 во место, 2 ро пласираните од групите играат за 3 то место,
- пријавени 7 екипи- се игра во две групи, каде во првата група каде Што е 1 носител ке бидат извлечени 3 екипи, најдобропласираните играат за 1 во место, 2 ро пласираните од групите играат за 3 то место,
- пријавени 8 екипи- се игра во две групи од по 4 екипи, најдобропласираните играат за 1 во место, 2 ро пласираните од групите играат за 3 то место,

Се менува став 2 од подточка 11.8 со реченицата и сега гласи „ - минималниот број натпреварувачи е 5, а максималниот 12 со тоа што натпреварот мора да го започнат најмалку 5 натпреварувачи .Одредување на натпреварувачкото место во екипите ќе се врши според важечката ранг-листа на ТФСМ и според одредбите кои го регулираат рангирањето на играчите . Играчите кои не се рангирани може да се стават на кое било место во екипата, но после рангираните. Натпреварите се играат по системот 5 поединечни натпревари во два добиени сета со примена на правилото "tie - break" во секој сет и 2 натпревари во двојки во два добиени сета, бес Преднос со примена на правилото "tie - break", а при резултат 1:1 во сетови ќе се игра одлучувачки "match tie - break" (10 поени) на местото од 3 сет.

Во подточката 11.9 се додава реченицата „ На секој меѓусебен Натпревар на Тениската Лига помеѓу два тениски клуба, може да настапи само 2 (два) натпреварувачи странци поединечно и во игра на двојки.

### Член 4

Во точката 12. Екипни Првенства во подточката 12.3 се додава реченицата „ за Јуниори-ки до 16 години, играчи кои во таа година полнат 12 години„ .

Во подточката 12.4 , став 3 се надополнува со зборовите ,, и Јуниори-ки до 16 години,,.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе важи за 2022 година.

**Тениска Федерација на Северна Македонија**
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 20.12.2021 година